20262714899

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (*)

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки(*), што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2026 година.

Бр. 08-6967/1
13 ноември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Сиљановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (*)

Член 1

Во Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21, 14/25, 183/26 и 212/26), во член 38 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, кај набавката од мала вредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност, изјава за непостоење судир на интереси потпишува единствено одговорното лице.“.

Член 2

Во член 40 ставот (1) се менува и гласи:

„Одредбите од овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение чија проценета вредност без данокот на додадена вредност (во натамошниот текст: ДДВ) е еднаква или поголема од:

а) во класичниот јавен сектор:

- 2.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение,
- 10.000 евра во денарска противвредност за работи и
- 10.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги.

б) во секторските дејности:

- 4.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение кај договорните органи од членот 9 став (1) точка г) од овој закон,

- 20.000 евра во денарска противвредност за работи кај договорните органи од членот 9 став (1) точка г) од овој закон,

- 20.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги, освен услугите опфатени со шифрата од ЗПЈН 79713000-5 кај договорните органи од членот 9 став (1) точка г) од овој закон,

- 400.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение кај договорните органи од членот 9 став (1) точка д) од овој закон,

- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи кај договорните органи од членот 9 став (1) точка д) од овој закон и

- 1.000.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги кај договорните органи од членот 9 став (1) точка д) од овој закон.“.

Ставот (6) се менува и гласи:

„Вкупната вредност на набавките под вредносните прагови од ставот (1) на овој член, освен набавките на посебни услуги, кај договорните органи од членот 9 став (1) точки а), б) и в) од овој закон, не смее да надмине 25.000 евра во денарска противвредност во тековната година, додека кај договорните органи од членот 9 став (1) точка г) од овој закон 50.000 евра во денарска противвредност во тековната година.“.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Договорниот орган може да врши набавки под вредносните прагови од ставот (1) на овој член преку Електронскиот пазар на набавки од мала вредност без да спроведува постапка за јавна набавка согласно со одредбите од овој закон, во рамки на ограничувањето од ставот (6) на овој член.

(8) Договорниот орган утврдува интерен акт за спроведување на јавните набавки, со кој се уредуваат улогите и задачите на внатрешните организациски единици во процесот на јавните набавки и истиот го објавува на ЕСЈН.“.

Член 3

Во член 45 став (1) алинејата 5 се менува и гласи:

„- дава услуги со воспоставување веб- сервиси во ЕСЈН со заинтересирани субјекти, како и овозможува пристап и користење на јавно достапните податоци од ЕСЈН во формат погоден за обработка,“.

Алинејата 9 се менува и гласи:

„- развива дигитални алатки, информатички решенија и модели, вклучително и решенија базирани на вештачка интелигенција, за автоматизирано следење, откривање и спречување неправилности и ризици во постапките за јавни набавки, како и за унапредување на квалитетот, ефикасноста, транспарентноста и интегритетот во јавните набавки,“.

Алинејата 11 се менува и гласи:

„- врши прибирање, обработка, анализа, визуелизација, интерпретација и објавување податоци поврзани со јавните набавки, развива аналитички модели и показатели во системот на јавните набавки, изработува статистички извештаи и аналитички прегледи, со цел унапредување на транспарентноста, отчетноста и достапноста на информации,“.

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) За користење на услугите со воспоставување веб-сервиси во ЕСЈН, како и овозможување пристап и користење на јавно достапните податоци од ЕСЈН во формат погоден за обработка, заинтересираните субјекти плаќаат надоместок во зависност од видот на податоците и обемот на податоците.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член се утврдува со тарифник, кој го донесува министерот за финансии.“.

Член 4

Во член 46 во ставот (1) зборовите: „за положен испит“ се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Потврдата за лице за јавни набавки се издава на лице кое следело обука за јавни набавки за лица кои по првпат се стекнуваат со потврда за лице за јавни набавки, што ја спроведува Бирото и кое го положило испитот за лице за јавни набавки во електронска форма.“.

Во ставот (6) зборовите: „едукацијата и“ се бришат.

Во ставот (7) зборовите: „за положен испит“ се бришат.

Ставот (8) се менува и гласи:

„Потврдата за лице за јавни набавки се продолжува за дополнителни три години со посетување обука за континуирано професионално усовршување од најмалку 21 час за периодот на нејзината важност, во спротивно на истата и истекува важноста и нема да се продолжи. Обуката за континуирано професионално усовршување ја организира и ја спроведува Бирото на теми согласно со програмата за едукација.“.

Ставот (10) се менува и гласи:

„Лице кое поседува потврда за обучувач за јавни набавки може да ги извршува работите кои ги извршува лице кое поседува потврда за лице за јавни набавки.“.

Ставот (11) се менува и гласи:

„Програмата за едукација, планирањето, начинот на спроведување на едукацијата и испитот за лица кои по првпат се стекнуваат со потврда за лице за јавни набавки, начинот на спроведување на обуката за континуирано професионално усовршување, како и начинот на издавање и продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки, ги пропишува министерот за финансии.“.

По ставот (11) се додаваат два нови става (12) и (13), кои гласат:

„(12) Бирото може да спроведе специјализирани обуки од областа на јавните набавки, за што на учесниците им издава соодветни потврди за посетена обука.

(13) Обуката од ставот (12) на овој член, Бирото може да ја спроведе во соработка со органите на државната управа, професионалните здруженија, како и во рамките на различни меѓународни програми и проекти.“.

Член 5

Во член 48 ставот (1) се менува и гласи:

„Договорниот орган може да врши набавки од мала вредност на стоки, услуги и работи со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противвредност.“.

Во став (2) во алинејата 1 зборот „или“ се заменува со зборовите: „и/или“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (2) алинеја 2 на овој член, договорниот орган ја избира понудата со најниска цена која е во согласност со барањата, условите и техничките карактеристики од известувањето од ставот (5) на овој член.“.

По ставот (6) се додаваат шест нови става (7), (8), (9), (10), (11) и (12), кои гласат:

„(7) Известувањето од ставот (5) на овој член содржи технички карактеристики на стоките или услугите кои се набавуваат, преземени од објавените каталози на електронскиот пазар, а може да содржи и други услови во врска со набавката.

(8) При објавата на известувањето од ставот (5) на овој член, на електронскиот пазар на набавки од мала вредност, договорниот орган не изготвува тендерска документација и технички спецификации, туку избира стоки или услуги од достапните каталози составени од економските оператори.

(9) Кај набавката од мала вредност која се спроведува преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност не се применуваат одредбите од членовите 81 и 82 од овој закон.

(10) Кај набавка од мала вредност која се спроведува преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност, во случај на раскинати договори кај три договорни органи во тековната година, понудувачот автоматски ќе биде оневозможен да го користи електронскиот пазар на набавки од мала вредност во постапки што се спроведуваат во период од шест месеци од денот на раскинувањето на третиот договор, за што автоматски истовремено добива известување.

(11) Во случаите од ставот (10) на овој член, Бирото овозможува користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност врз основа на одлука на надлежен суд донесена во судска постапка за надомест на штета или на барање на договорниот орган придружено со изјава дадена пред надлежен орган за сторена техничка грешка.

(12) Во тековната година, договорниот орган објавува најмалку една набавка од мала вредност преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност доколку има потреба од набавка на стандардни стоки или услуги за кои постојат каталози на електронскиот пазар на набавки од мала вредност.“.

Ставот (7) станува став (13).

Член 6

Во член 55 став (1) во точката а) зборовите: „отворени постапки“ се заменуваат со зборовите: „набавки од мала вредност, отворени постапки“.

Ставовите (5), (6), (7) и (8) се бришат.

Ставовите (9), (10) и (11) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Ставовите (12) и (13) се бришат.

Член 7

Во член 68 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, договорниот орган задолжително објавува известување за доброволна претходна транспарентност кога доделува договор за јавна набавка во постапка со преговарање без објавување оглас во согласност со членот 55 став (1) точки в) и г) од овој закон.“.

Член 8

Во член 80 во ставот (2) зборовите: „за положен испит“ се бришат.

Член 9

Во член 81 во ставот (3) по зборот „спецификации“ запирката се заменува со точка, а зборовите: „додека при користење на електронскиот пазар на набавки од мала вредност само краток опис на предметот на набавка.“ се бришат.

Член 10

По членот 99 се додава нов член 99-а, кој гласи:

„Член 99-а

Примена на најдобриот однос меѓу цената и квалитетот кај јавните набавки со повисока вредност

(1) Договорниот орган кој планира повеќе од три јавни набавки со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност во тековната година задолжително спроведува најмалку три постапки со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност, што ќе завршат со доделување договор со користење на најдобриот однос меѓу цената и квалитетот во тековната година.

(2) Доколку договорниот орган планира помалку од три јавни набавки со проценета вредност над износот од ставот (1) на овој член во тековната година, истите ги спроведува со користење на најдобриот однос меѓу цената и квалитетот.“.

Член 11

Во член 109 во ставот (15) по зборот „кај“ се додаваат зборовите: „набавката од мала вредност со објавување оглас,“.

Член 12

Во член 112 во ставот (4) по првата реченица се додава нова втора реченица, која гласи:

„Кај набавката од мала вредност која се спроведува преку електронскиот пазар на набавки од мала вредност, договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна во рок од седум дена од денот на конечноста на одлуката за избор.“.

Член 13

Во член 158 во ставот (4) зборот „три“ се заменува со зборот „пет“.

Член 14

Во член 165 став (1) во алинејата 1 износот „10.000“ се заменува со износот „20.000“, а износот „50“ се заменува со износот „150“.

Во алинејата 2 износот „100“ се заменува со износот „300“.

Во алинејата 3 износот „150“ се заменува со износот „450“.

Во алинејата 4 износот „200“ се заменува со износот „600“.

Член 15

Членот 166 се менува и гласи:

„(1) Трошоци на жалбената постапка се административната такса и надоместокот за водење постапка.

(2) Државната комисија решава за трошоците за жалбената постапка, одредува кој ги сноси трошоците, нивниот износ и рокот во кој мора да се платат.

(3) Барањето за надомест на трошоци за жалбената постапка треба да биде наведено од страна на жалителот во самата жалба.

(4) Доколку странката ангажира полномошник за застапување во жалбената постапка пред Државната комисија, трошоците за полномошникот ги сноси на своја сметка.

(5) На странката која ја покренала постапката и во целост ѝ е усвоена жалбата, договорниот орган е должен да ѝ ги надомести трошоците на постапката.

(6) Во случај на делумно усвојување на жалбата, Државната комисија може да одлучи секоја страна да ги намири своите трошоци, трошоците за жалбената постапка да ги подели на еднакви делови или пропорционално со усвојувањето на жалбата.“.

Член 16

Потврдите за положен испит за лице за јавни набавки издадени во 2024 година продолжуваат да важат дополнителни 12 месеци од денот на истекот на важноста на потврдите, за што Бирото ги известува лицата кои се носители на потврдите во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 17

Договорниот орган ќе го утврди интерниот акт од членот 2 од овој закон, со кој во членот 40 се додава нов став (8), во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 18

Започнатите постапки за јавни набавки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21, 14/25, 183/26 и 212/26).

Член 19

Одредбите од членот 4 со кој се менува членот 46, членот 8 со кој се менува членот 80 и членот 16, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2027 година.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.